**20161042545**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 71 став (4) од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15 и 23/16), министерот за финансии, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Член 1

Во Правилникот за начинот на унапредување на царинските службеници во Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/15) во член 2 во алинејата 1 по зборовите: „Царинската управа“ се додаваат зборовите: „односно во актот за систематизација на работните места во Царинската управа“.

Член 2

Во членот 4 по зборовите: „хиерархијата на работните места“ се додаваат зборовите: „по категории и нивоа“, а точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „односно во актот за систематизација на работните места во Царинската управа.“.

Член 3

Во член 5 во алинејата 4 зборовите: „не бил казнуван“ се заменуваат со зборовите: „не му била изречена дисциплинска мерка“.

Член 4

Во членот 6 ставот (2) се менува и гласи:

„По исклучок од став (1) на овој член, царинскиот службеник може да биде унапреден доколку во последните три години бил распореден на работно место, кое во хиерархијата на работни места утврдени во актот за систематизација е пропишано дека одговара пред директорот на Царинската управа и е оценет еднаш со конечна оценка „се истакнува“ или „задоволува“, согласно актот за системот на оценување на работата на царинските службеници во Царинската управа.“.

Член 5

Во член 7 во ставот (1) по зборовите „категоријата на работните места“ се додаваат зборовите „или прескокнување во повисока категорија на работни места“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„По исклучок од став (1) на овој член, унапредување на царински службеник на работно место во повисоко ниво или категорија може да се изврши и за повеќе нивоа во категоријата или во повисока категорија на работно место доколку:

- на интерниот оглас не се јавил ниту еден кандидат или се јавил кандидат кој не ги исполнува предвидените услови за работното место за кое е објавен интерниот оглас или
- работните места кои се прескокнуваат не се содржани во хиерархијата на работни места во организационата единица за која е објавен интерниот оглас.“.

Член 6

Членот 8 се менува и гласи:

„Не претставува унапредување на друго работно место доколку:

- работното место на кое се распоредува царинскиот службеник е со различно звање од исто ниво во рамките на иста категорија, а кое според природата на работните задачи припаѓа на организациона единица различна по надлежности или

- ако царинскиот службеник во текот на неговиот работен однос повторно се распоредува на работно место од истото ниво во категоријата, на кое што бил распореден.“.

Член 7

Во членот 10 по зборот „кандидат“ се додаваат зборовите „или се јавил кандидат кој не ги исполнува предвидените услови за работното место за кое е објавен интерниот оглас“.

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 20-1470/6
23 мај 2016 година
Скопје

Министер за финансии
**Зоран Ставрески**, с.р.